ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

# СООПШТЕНИЕ
## за упис на првачиња за учебна 2025/2026 година

Врз основа на чл. 8 став (1) и чл. 60 од Законот за основно образование („Сл.весник на РСМ“ бр.161/2019, 229/2020, 3/2025 и 74/2025), основното образование е задолжително, трае девет години и се организира во три воспитно-образовни периоди и тоа од прво до трето одделение, од четврто до шесто одделение и од седмо до деветто одделение.

**ВЕ ИЗВЕСТУВАМЕ** дека уписот е задолжителен за децата кои до крајот на декември 2025 година ќе наполнат 6 (шест) години, односно задолжителен за сите деца родени во текот на 2019 година и за оние кои сакаат, за деца родени во текот на јануари 2020 година.

Уписот ќе се врши од 2-ри до 30-ти Мај 2025 година во основните училишта во општината, со целосно почитување на реонизацијата на училиштата и живеалиштита на децата.

Родителите се должни при уписот, да достават извод од матичната книга на родените за детето, потврди за примените задолжителни вакцини за детето, за извршен офталмолошки и извршен стоматолошки преглед, издадени од надлежна здравствена установа.

Родителите задолжително закажуваат термин за прием на документите и интервју со детето во основните училишта на следниве телефонски броеви:

- ООУ „Крсте Мисирков“ – Гевгелија 078/447-373
- ООУ „Владо Кантарџиев“ – Гевгелија 075/542-235
- ООУ „Климент Охридски“ – Миравци 070/670-440
- ООУ „Ристо Шуклев“ – Негорци 078/232-499

Доколку родителот има интерес, пријавата и документите потребни за упис на детето во прво одделение може да ги поднесе во електронска форма на uslugi.gov.mk, по што ќе биде закажано интервју со детето.

Градоначалник
на Општина Гевгелија

*Андон Сарамандов*

Бр. 14-583/4
25.04.2025
Гевгелија